Јавно претпријатие за управување на водостопански дејности
Хидросистем Злетовица-Пробиштип
Бр. 04-452/2
31. 07 2025 год.

Врз основа на член 37-н и 37-њ од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 89/22, 274/22 и 208/24) и член 6 Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на Република Македонија бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18, 143/19, 14/20, 95/20, 208/24 и 210/24), а во согласност со Правилникот за начинот на формата и содржината на интерниот оглас, на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на постапката, начинот на спроведување на селекцијата за унапредување, како и начинот на нивно бодирање за работните места со статус на даватели на јавни услуги во ЈП ХС Злетовица- Пробиштип бр.02-498/28 од 18.06.2018 година, Правилникот за систематизација на работни места во ЈП ХС Злетовица-Пробиштип бр.02-241/36 од 29.03.2018 година, бр.02-560/15 од 19.07.2018 година, бр.02-500/17 од 30.08.2019 година, бр.04-455/6 од 23.09.2021 година, бр.02-516/2 од 10.07.2023 година и бр.02-238/29 од 05.05.2025 година и Известувањето од Министерство за финансии за обезбедени финансиски средства бр.19-6666/2 од 14.07.2025 година, ЈП ХС Злетовица- Пробиштип објавува

**ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 02/2025**
**за пополнување на работно место со унапредување во ЈП ХС Злетовица-Пробиштип**

ЈП ХС Злетовица- Пробиштип објавува интерен оглас за унапредување за следново работно место:

1. **Оператор во SCADA систем**, со шифра КДР 0305 Б02 184 – 1(еден) извршител со исполнување на следниве услови:
   - Стручни квалификации: најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четири годишно средно образование.

   Образование: Електротехника, Машински техничар
   - Работно искуство: две години работно искуство во струката

Покрај горенаведените посебни услови, заинтересираните кандидати треба да ги исполнуваат и општите услови за вработување согласно Законот за работните односи и тоа:

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност..

На интерниот оглас може да се јави вработен во ЈП ХС Злетовица- Пробиштип, кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво согласно Законот за јавните претпријатија, Правилникот за систематизација на работните места и Правилникот за начинот на формата и содржината на интерниот оглас, на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на постапката, начинот на спроведување на селекцијата за унапредување, како и начинот на нивно бодирање за работните места со статус на даватели на јавни услуги во ЈП ХС Злетовица- Пробиштип, како и да ги исполнува следниве услови:

- работното место на кое се унапредува да е слободно,
- ги исполнува општите и посебни услови,
- да не му е изречена дисциплинска мерка во период од 12 месеци пред објавувањето на интерниот оглас.

Рокот за поднесување на пријавата со доказите трае 5 (пет) работни дена сметано од денот на објавувањето на огласот.

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

Пополнетата пријава и доказите за податоците содржани во пријавата кандидатите треба да ја поднесат во писмена форма преку архивата на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип, секој работен ден од 7 до 15 часот, со назнака “За интерен оглас број 02/2025”.

Ненавремена, нецелосна и неуредно пополнета пријава, нема да биде предмет на разгледување.

НАПОМЕНА: Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата или се утврди дека внел лажни податоци, ќе биде дисквалификуван од натамошната постапка по овој оглас.

Пробиштип
31.07.2025

ЈП ХС Злетовица
Директор
Златко Стојановски